# ЗАКЛУЧОЦИ

Учесниците на Конференцијата на високо ниво на Советот на Европа за искоренување на несоодветното постапување од страна на службениците на органите на прогонот, одржана во Бечиќи, Црна Гора на 18 октомври 2019 година,

- нагласувајќи ја својата заложба за демократија, владеење на правото и човекови права како клучни вредности за доброто владеење, соработката и обединувањето во Европа;

- нагласувајќи ја важноста да се осигура спроведување на законот од страна на полицијата и другите безбедносни сили, притоа целосно придржувајќи се на барањата на Европската конвенција за човекови права согласно толкувањата во прецедентното право на Европскиот суд за човекови права;

- нагласувајќи ги барањата за законитост и сразмерна употреба на сила, како и потребата од систем за ефективни истраги на случаи на злоупотреба со цел одговорните да бидат изведени пред лицето на правдата и да се спречи неказнување, вклучително и преку обезбедување на соодветни периоди на застарување, вклучувајќи и укинување на застарувањето за најтешките облици на кривични дела како што е мачењето;

- нагласувајќи ја важноста да се обезбедат соодветни регулаторни рамки за постапувањето на службениците на органите на прогонот, поддржани со добро осмислена обука и активности за подигнување на свеста;

- нагласувајќи ја важноста на размената на искуства меѓу земјите-членки;

**- ги поздравија и поддржаа**

- воспоставувањето стандарди, подигнувањето на свеста и можностите за соработка развиени од страна на Советот на Европа;

- работата на Комесарот за човекови права на Советот на Европа, на Европскиот комитет за спречување тортура и друго сурово, нечовечко или понижувачко постапување и казнување (КСТ) и на телата мониторинг и консултации при Советот на Европа;

**се согласуваат**

1. дека што се однесува до дејствата преземени од службениците на органите на прогонот

– секоја употреба на сила мора да биде сразмерна на целта заради која се применува;

– несоодветното постапување со лицата што се лишени од слобода е незаконско, непрофесионално и ќе подложи на соодветни санкции;

– мора да се испрати силна порака на високо ниво за нулта толеранција за несоодветното постапување од страна на службениците на органите на прогонот во сите држави и истото да се повторува на сите подредени нивоа на соодветни интервали;

– секоја употреба на сила од страна на службениците на органите на прогонот треба да е соодветно документирана, вклучително и со описи на претрпените повреди;

– службениците на органите на прогонот да бидат поддржани така што ќе им се доделат соодветни ресурси, особено на академиите за судии и обвинители и на полициските академии;

2. дека што се однесува до истрагите по наводи за несоодветното постапување од страна на службениците на органите на прогонот

   – таквите истраги мора да се започнат веднаш, истите да бидат спроведени брзо и да бидат ефективни во секој случај (вклучително и преку здружението на жртви и преку доволно елементи за мониторинг од јавноста) за да се покаже дека кривичните дела извршени од службеници на органите на прогонот ќе бидат казнети и заради сузбивање на секаква култура на неказнување;

   – таквите истраги мора да се водат од истражители со потребните овластувања и кои ќе бидат целосно независни од оние што се предмет на истрагата, како и да бидат темелни по природа, притоа истражувајќи ја и секоја можност за расни или други мотиви на омраза;

   – ефикасноста на истрагите мора да подложи на соодветна ревизија, вклучително и судска ревизија на посериозните случаи;

3. дека што се однесува до улогата на обвинителствата коишто раководат со кривичните истраги

– мора да се обезбеди спроведување на ефективна истрага за секој веродостоен навод за несоодветното постапување или да се преземат сите неопходни мерки за оваа цел;

– таквите истраги мораат повторно итно да се отворат по службена должност откако ќе се утврди повреда од страна на Европскиот суд за човекови права со цел во рамките на можностите да се обезбеди правен лек за корекција на пропустите што се утврдени од Судот и за да се обезбедат колку што е можно поефективни истраги и да се дадат обврзувачки упатства за разјаснување на последователните практични мерки што требат да се усвојат со цел да се утврди:

(а) какви истражни мерки сè уште можат да се преземат во случајот,
(б) какви истражни чекори повеќе не можат да се преземат заради практични или законски причини,
(в) какви средства можат да се применат за да се надминат постојните пречки, и
(г) какви конкретни резултати се очекува да бидат постигнати и во кој временски рок;

4. дека што се однесува до обуката и подигнувањето на свеста кај службениците од органите на прогонот, обвинителите и судиите

- службениците од органите на прогонот мора редовно да се потсетуваат за забраната за несоодветното постапување и мачење;

- почетната и континуираната стручна обука треба да вклучува и курсеви со кои се нагласуваат барањата на Европската конвенција за човекови права согласно толкувањата од Европскиот суд за човекови права и стандардите на КСТ;

- обуките да учат на непристрасен и ригорозен пристап кон истрагите, обвиненијата и пресудите во случаите за наводно несоодветното постапување од страна на службениците од органите на прогонот;

- во соработка со Советот на Европа треба да се истражат можните начини за воспоставување и/или одржување на наменска база на податоци на службените јазици со релевантните пресуди и одлуки на Европскиот суд за човекови права и релевантната пракса на Комитетот на министри на Советот на Европа во надзорот на извршувањето;

- треба да се разгледаат можностите за размена на добри практики и другите начини на соработка меѓу земјите-членки на Советот на Европа при

подготовката на наставните програми и треба да се унапреди понудата на достапните курсеви;

5. дека што се однесува до независните национални институции за човекови права и народните правобранители

   - тие играат важна улога во спречувањето на неказнувањето на несоодветното постапување од страна на службениците од органите на прогонот и дека треба да им се обезбеди неопходната институционална основа и ресурси за да ја играат оваа улога;

   - за оваа цел службениците од органите на прогонот мора редовно да се потсетуваат на мандатот на независните национални институции за човекови права и на народните правобранители, вклучително и за нивното право на пристап до информации, во согласност со релевантните законски стандарди;

   - дополнителни напори треба да се вложат во размената на добри практики во оваа насока.